**Влада на Република Македонија**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Врз основа на член 101 став (2) од Законот за земјоделство и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15 и 83/15) и член 12 став (1) и став (2) од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 06/13, 81/13, 1/14, 23/14, 136/14, 157/14 и 139/15), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува,

# Ј А В Е Н П О В И К
## за техничка поддршка во инвестициони вложувања за воспоставување на лаборатории за проверка на квалитетот на млекото во Штип и Тетово

### I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Доставување на предлози за воспоставување на лаборатории, преку набавка на нова опрема, за проверка на квалитетот на млеко во Штип и Тетово.

### II. ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА

Право на учество на јавниот повик имаат јавни научни установи од областа на земјоделството, согласно Законот за научно истражувачка дејност и образовни институции согласно Законот за високото образование.

### III. ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ДОСТАВИ

Учесниците на јавниот повик потребно е да достават:

1. Предлог за користење на техничка поддршка, кој ќе биде изработен согласно Упатството за користење на техничката поддршка;
2. Тековна состојба од Центарален регистар на Република Македонија;
3. Изјава од одговорното лице за веродостојност на податоците од предлогот (според упатството).
4. Препораки или други докази за претходна имплементација на други сродни предлози;
5. Доказ од Централен регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка и
6. Доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.

Предлозите кои не се предадени во предвидениот рок, како и оние кои не се изготвени според поблиските критериуми од јавниот повик нема да бидат разгледувани.

Потребната документација се доставува во оригинален примерок или фотокопија заверена од предложувачот.

Сите документи не треба да се постари од шест месеци.

### IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Предлогот се доставува во еден оригинален примерок потпишан од овластено лице на предложувачот. Еден предложувач може да учествува во постапката за доделување на техничка поддршка во инвестициони вложувања за воспоставување на лаборатории за проверка на квалитетот на млекото само со еден предлог за користење.

Документите се поднесуваат во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на јавниот повик во дневниот печат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доставување на документите е во затворен коверт на кој во горниот лев агол да стои ознака „Не отварај, за јавен повик" и истиот да биде адресиран до „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", ул. „Аминта III" број 2, 1000 Скопје.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ.

Критериуми за избор на најповолен предлог, се:

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството | 40 |
| Директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството. | 25 |
| Оддржливост по реализација на поддршката | 35 |

Прифатливи се предлозите кои ќе освојат повеќе од 50 бода.

## VI. НАЧИН И ВИСИНА НА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Максималниот износ на горенаведената техничка поддршка е согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство склучува договор со избраниот предложувач.

Врз основа на член 5 став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за јавни набавки, избраниот предложувач е должен, постапката за набавка на опрема за воспоставување на лабораторија за проверка на квалитетот на млекото, да ја спроведе согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

Исплатата ќе се изврши по склучен договор за јавна набавка на стоки и доставена финансиска документација до Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

## VII. ПРИЛОЗИ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

- Упатство за изработка на предлогот за користење на помош инвестициони вложувања за воспоставување на лаборатории за проверка на квалитетот на млекото во Штип и Тетово.
- Правилникот за начинот на чување на суровото млеко и земање примероци за анализа и супер анализа, содржината, формата и начинот на пополнување на записникот, методите за анализа на суровото млеко, начинот на класирање и метод на вреднување на суровото млеко, како и начинот на вршење на обуката и програмата за вршење на обуката за контролори („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/11).

**VIII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

За дополнителни информации предложувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на телефон 02/ 31 34 477 или да ја посетат веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **www.mzsv.gov.mk**. Прилозите од јавниот повик можат да се превземат од наведената веб страна во електронска форма.

Бр. 02-9125/2

септември 2015 година — Министер,

Скопје — **м-р Михаил Цветков**